**ДС СМИТХ**
-АД- Скопје
Бр. 0202 - 5013
11-09 - 2018 год.

**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ**

од одржаното Годишно Собрание на акционери на Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје
одржано на ден 21.08.2018 година, во Хотел Александар Палас, во Сала 2 на мезанин, со почеток во 10.00 часот

Врз основа на чл.391-б од Законот за трговските друштва, во прилог ги објавуваме поставените прашања од акционерите и соодветните одговори од менаџментот на Друштвото:

**Под точка 1 од II. Работен дел од Дневен ред - Усвојување на Записник од претходната седница на Собранието на акционери на Друштвото одржано на ден 30.08.2017 година**

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара информации за набавката за машината БОБСТ, за цената по која истата е набавена, по кои трошоци, која е годината на производство, кој извршил верификација на вредноста на истата и кој донел одлука за нејзина набавка.
**Одговор:** Машината Bobst Flexo е произведена во 1986 година во Швајцарија. Истата е купена од Данска DS SMITH Greena и во тоа време е купена по цена од евра 281.362 вкупно со инсталација и превоз. Машината е купена по одлука на ДС СМИТХ Скопје од причина што истата е со 60% подобар клавитет на печатење во споредба со постпјните машини со кои располага ДС СМИТХ Скопје ( на пример Curioni 2300 има квалитет на печатење 100 линии , а Bobst Flexo има 160 минии во 1 cm.) Исто така единствено оваа машина има целосна автоматиација т.е автоматски влез-излез. Со оваа машина добивме и новитет кој може да се понуди на нашите клиенти, а тоа е печатење и сушење веднаш после секоја секција. Ова значи дека сме многу блиску до кашираните кутии , гајби и слично. Што се однесува до ефикасноста на машината , истата има капацитет да произведува дневно за две машини и со тоа се заштедува време, енергија и ресурси.

**Под точка 2 од II. Работен дел од Дневен ред – Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за претходната деловна година**

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара информации за причините поради кои Друштвото не остварува поголема добивка во споредба со конкуренцијата (Миском) кои се помали а остваруваат поголема добивка од Друштвото.
**Одговор:** Успешноста на компаниите особено компарацијата меѓу две конкурентски компании, неможе да се врши со проста споредба на остварена нето добивка за известувачкиот период,посебно кога станува збор за компании кои немаат потполно иста дејност на работење бидејќи ДССмит работи и со дел на откуп и рециклирање на стара хартија а Миском е исклучиво амбалажа. Потребна е опсежна анализа каде ке се направи компаративна споредба на реални финансиски и квантитативни параметри, со цел да се оцени успешноста на работењето на компаниите.Со едноставна споредба на Билансот на двете компании може да се забележат следните параметри кои се драстично различни
Број на вработени, ДССмит 134, Миском 48 следствено на тоа исплатените трошоци за вработени како и сите придонеси и даноци исплатени по тој основ се поголеми во нашата компанија (84,5 милиони вс 16,19 мил ) .Во Билансот на Миском има 15,8 мил.денари Финансиски приходи за разлика од нашите 653 илјади денари).
Од аспект на Дс Смитх, можеме да потврдиме дека евиденцијата на сите настани е согласно закон и почитувајки ги Мегународните Сметководствени стандарди и

Меѓународните стандарди за Финансиско Известување и бројките ја отсликуваат објективноста на настаните за известувачката година.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара информации зошто Друштвото вработува нови луѓе а притоа трошоците за отпремнини за технолошки вишок кои се исплатени се во износ од 4.000.000,00 денари.
**Одговор:** Технолошкиот вишок во Друштвото е спроведен со цел подобрување на продуктивноста на работењето на Друштвото, при што за одредени работни позиции каде што има намалување на бројот на вработени не се вработени нови лица, а за одреден дел работни позиции се примени помал број на вработени од оние што се заминати.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара информации зошто во претходната деловна година се исплаќани менаџерски услуги во вредност од 12.300.000 денари на владеачкото друштво.
**Одговор:** Како дел од Групацијата ДС СМИТХ, ДС СМИТХ АД Скопје има обврска на годишно ниво да исплака надоместок кон матичното друштво во вид на услуги за стратешко советување, техничка и финансиска поддршка во текот на годината и надоместок за користење на авторски права. Ваквите услуги се составен дел на работењето на сите корпорации, и не е исклучителен пример само за ДС СМИТХ. Имено, пресметката на трошокот за овие услуги се прави правопропорционално врз основа на остварена реализација на ниво на Групацијата. Истиот, врз основа на годишен поднесок за ослободување од задржан данок е верификуван и одобрен од страна на Управата за Јавни Приходи на РМ.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара информации зошто трошоците за репрезентација во 2017 година кои изнесуваат 3.800000,00 денари се многу поголеми од износите потрошени во споредба со претходната деловна година.
**Одговор:** Трошоците за репрезентација на Друштвото изнесуваат 3,7 мил. денари во 2017 година наспроти 1,6 мил. денари во 2016 година. Зголемените трошоци за репрезентација во 2017 година се поради организираната забава по повод 70 годишнината од постоењето на Друштвото.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара информации кој износ е точно потрошен по повод јубилејот 70 години постоење на Друштвото.
**Одговор:** За прославата по повод 70 годишнината од постоењето на Друштвото се потрошени вкупно 1,7 мил. денари.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара објаснување зошто амортизацијата минатата година е намалена и за сметка на тоа е зголемена добивката на Друштвото.
**Одговор:** Во тековната година е направена промена на корисен век на опремата, што доведува до намалени трошоци за амортизација. Дополнително, заради намален обем на инвестиции и целосно амортизирање на дел од опремата, трошокот дополнително се намалува.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара објаснување за статусот на постапките за земјиштето и објектите кои Друштвото ги користи а се евидентирани во вредност од 2.000.000,00 евра.
**Одговор:** Постапка за приватизација на земјиштето во вредност од 19 мил. денари е во тек повеќе од 10 години. Сите останати објекти и опрема се сметководствено евидентирани по набавна вредност.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара информации зошто имотот на Друштвото не се книжи по сметководствените стандарди.
**Одговор:** Имотот на Друштвото се книжи во согласност со МСС 16 "Недвижности, постројки и опрема" и МСС 38 "Нематеријални средства".

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара информации зошто толку се големи отписите.
**Одговор:** Висината на отписите е од причина што на конто отпис се книжат побарувањата кои се стари над 180 дена.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара подетални информации во однос на отпишаните побарувања.
**Одговор:** Отпишаните побарувања на Друштвото изнесуваат во вкупен износ од 15.542.635,50 денари. Се работи за побарувања спрема 40 субјекти. Во прилог детални информации за субјектите и поединечните износи:

АГРОФИНАЛ ДООЕЛ -853.800,00
АМИ КОМЕРЦ ДООЕЛ – ДУШАНКА - 63.371,00
БАМБИ МИШО ДООЕЛ увоз-извоз -52.896,00
БАУТЕК ДОО -7.599,00
БОБУС ИНТЕРИЕР ДООЕЛ -26.019,00
БОДВИК–2013 ДООЕЛ увоз-извоз -17.521,00
БОНУМ ПЛУС ЗАШТИТНО ДРУШТВО -494.284,00
БРАНКО ГАПО ДООЕЛ -34.396,00
ДОНИА ЗАШТИТНО ДРУШТВО -3.150,00
ДСДС-УНИ ДООЕЛ -165.614,00
ЕУРО-ЕКОПАК ДОО Скопје -461.632,00
ЕУРО-ПАК -490.684,00
ФИНАЛ ПОИНТ ДООЕЛ експорт -47.717,00
ФУДИС ДООЕЛ -44.450,00
ГИБ ДЕСИНГ ДООЕЛ увоз-извоз -19.254,00
ГОКИ ГОРАН ДООЕЛ -16.172,00
ИЦЕ ИМПЕКС -235.930,50
ИНТЕР-ФАНТАЗИА ДОО -30.736,00
ИНВЕСТ ФУДС ДООЕЛ -192.588,00
ЈАДРАН ГОТТИНО ФООДС -604.844,00
КАРТОН ПАК ДОО -6.122.185,00
КОМИТЕКС СКОПЈЕ -94.485,00
КОМПАНИЈА ПЕТРОВИ ДООЕЛ -2.099.980,00
КРУШЕВО ЕКСПОРТ -47.833,00
МЕДИУМ ЕКСПОРТ -442.629,50
МИЛИНА-АЈС Заштитно друштво -9.000,00
МИРИ ПЛАСТ -349.172,00
МОНДИ КОМПАНИ ДОО -49.519,00
НИКОМ ППТУ -97.552,50
НОВИТЕТ ГРАФОПАК Графички -34.170,00
ПАК-ПАК -39.137,50
СКАНДИК КОЛОР ДООЕЛ -6.770,00
СКОПСКИ ПАЗАР АД -4.839,00
СОБИМ -1.252.708,00
СОЛАР ТРЕЈД -41.281,00
ТЕМОВ ФШТ ДОО -58.809,00

ТРИМ ПРОДУКЦИЈА -41.457,00
УНИУС-ИС ДООЕЛ Тетово -459.918,50
ВАЈРА БИМОРЕ Ш А -19.446,00
ЗАМРЗНАТА ХРАНА ДООЕЛ -409.086,00

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара информации зошто се земени кредити од матичното друштво под тие услови.
**Одговор:** Кредитите на Друштвото се однесуваат на необезбедени долгорочни кредити спрема поврзани страни во вкупен износ од 3.812.000,00 евра. Се работи за 4 долгорочни кредити спрема мнозинскиот акционери ДС СМИТХ ПЕКЕЏИНГ САУТ ИСТ ГмбХ Австрија. Кредитите кои се земени од страна на Друштвото од матичното друштво се земени уште во 2009/2010 година во период кога стапките во НЛБ Тутунска Банка беа значително високи и затоа договор за кредит со матичното друштво беше подобар за Друштвото.
Во тековната година ќе биде предоговорен овој аранжман со матичната фирма, а ќе биде преговарано и со комерцијалните банки.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара објаснување зошто набавките од ДС СМИТХ Белишче се зголемени за 50% во 2017 година со споредба со 2016 година.
**Одговор:** Зголемената набавка на суровина од ДС СМИТХ Белишче е поради вредносното зголемувањето на набавките, кое првенствено произлегува од зголемената цена на хартијата на светскиот пазар. Дополнително, Друштвото има зголемени набавки заради зголемено производство. РАзлични видови на хартија се набавуваат од ралични добавувачи.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара образложување во поглед на исплатите за клучниот раководен кадар.
**Одговор:** Исплатите кон клучниот раководен кадар за 2017 година се однесуваат на исплата на надомест за плата и годишен бонус согласно Договор за вработување.

**Прашање:** Акционерот Александар Станковиќ од Скопје побара образложување за тоа кои се побарувања над 360 дена.
**Одговор:** Се работи за два судски случаи против должниците Ѓоршулевски и Картонпак. Кај предметот со Ѓоршулевски е наплатено од заложените предмети, а кај Картонпак нема покритие.

Во прилог детални информации за субјектите и поединечните износи на побарувањата на Друштвото над 360 дена:

АГРОФИНАЛ ДООЕЛ - 853.800,00
БОДВИК–2013 ДООЕЛ увоз-извоз - 17.521,00
ЕУРО-ЕКОПАК ДОО Скопје - 461.632,00
ГИБ ДЕСИНГ ДООЕЛ увоз-извоз - 19.254,00
ИНТЕР-ФАНТАЗИА ДОО - 30.736,00
ЈУНИКС ДОО - 199.945,00
КРУШЕВО ЕКСПОРТ - 47.833,00
ЛИНАЛ БОШКО ИГЊАТОВ ДООЕЛ - 68.380,00
МЕБЕЛ ТРЕЈД ДОО - 6.608,00
МИЛИНА-АЈС Заштитно друштво ДОО - 9.000,00
МОНДИ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт - 49.519,00
НОВИТЕТ ГРАФОПАК Графички Центар - 34.170,00
СКАНДИК КОЛОР ДООЕЛ увоз-извоз - 6.770,00

СКОПСКИ ПАЗАР АД - 4.839,00
DS Smith P Marketing NV - 45.758,00
DS SMITH PLC - 290.940,00
ERIS PAK DPZ PRIZREN - 18.875,00
SEMIR N.P.T. - 1.740.815,00
SHQIPONJA N.SH.T. - 333.496,00
ВАЈРА БИМОРЕ Ш А - 19.446,00
АМИ КОМЕРЦ ДООЕЛ – ДУШАНКА - 63.371,00
БАМБИ МИШО ДООЕЛ увоз-извоз - 52.896,00
БОБУС ИНТЕРИЕР ДООЕЛ - 26.019,00
БОНУМ ПЛУС ЗАШТИТНО ДРУШТВО - 494.284,00
ДСДС-УНИ ДООЕЛ - 165.614,00
ЕУРО-ПАК - 490.684,00
ФУДИС ДООЕЛ - 44.450,00
ГОРШУЛЕСКИ КОМПАНИ ЗД ПТУ ДООЕЛ - 9.918.266,00
ИЦЕ ИМПЕКС - 235.930,50
ЈАДРАН ГОТТИНО ФООДС - 604.844,00
КАРТОН ПАК ДОО - 6.122.185,00
КОМИТЕКС СКОПЈЕ - 94.485,00
МЕДИУМ ЕКСПОРТ - 442.629,50
НИКОМ ППТУ - 97.552,50
ПАК-ПАК - 39.137,50
СОБИМ - 1.252.708,00
СОЛАР ТРЕЈД - 41.281,00
ТРИМ ПРОДУКЦИЈА - 41.457,00
УНИУС-ИС ДООЕЛ Тетово - 459.918,50
ЗАМРЗНАТА ХРАНА ДООЕЛ - 409.086,00

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување зошто од годишниот извештај на Друштвото не се гледаат кои се организационите единици во Друштвото и дали некоја е потребно да се затвори поради тоа што смета дека организационата структура е преголема за Друштвото.
**Одговор**: Во Годишниот извештај за 2017 се гледа макро организационата структура на Друштвото. Понатаму , во Годишниот извештај за 2017 е објаснето работењето на ДС Смитх како единствено правно лице со сите негови работни единици. Во Друштвото се прави реорганизација во работните единици, но со прераспоредување на постојните вработени и без дополнително обременување на структурата.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување зошто бројот на вработени во Друштвото е зголемен на 140 вработени иако во минатото тенденцијата била истиот да биде намален и која технологија е купена за да се оправда трошокот за нови вработувања.
**Одговор:** Вкупниот број на вработени лица во Друштвото за 2017 година изнесува 134 лица, споредбено со бројот на вработени лица од минатите години (2016: 127).
Бројот на вработени лица во Друштвото за 2017 година се должи на зголемениот обем на работа на Друштвото, а кој е дополнително е оправдан од причина што ДС СМИТХ не користи нова технологија и работниот процес се базира на рачно работење. Кога би имале нови техологии, тогаш би се намалила потребата од дополнителни вработувања. Исто така, бројот на вработени е зголемен во изминатите години од причина што работниците кои беа отстапени во ДС СМИТХ преку агенција за повремени вработувања, беа вработени директно во ДС СМИТХ АД Скопје. Фактички бројот на вработени не е променет, туку е намален трошокот за агенцијата за повремени вработувања.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара објавување на платите на секој директор поединечно.
**Одговор:** Годишниот износ на бруто плати и бонуси за 2017 година исплатен спрема Претседателот на Управниот Одбор на Друштвото изнесува 4.920.363,00 денари. Годишниот износ на бруто плати и бонуси за 2017 година исплатен спрема Член на Управниот Одбор на Друштвото изнесува 1.484.100,00 денари.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување зошто од страна на Друштвото е исплатен надомест на вработена во ДС СМИТХ Белгија на име помош како и кои трошоци евидентирани во даночниот биланс се даночно неоправдани.
**Одговор:** Се работи за донација во износ од 5.000 ЕУР за болничко лекување. Истиот трошок согласно законската регулатива е даночно непризнаен расход за даночни цели.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување за направените трошоци за усовршување во Белгија.
**Одговор:** Се работи за направени трошоци за тренинг и обука на еден вработен во секторот за продажба, со цел усовршување и подобрување на работните процеси. Имено, сите трошоци обелоденети во Даночен биланс се даночно непризнаени, и согласно законска реглатива се основ за оданочување согласно Закон за Данок на Добивка.

**Прашање**: Да се објасни во даночен биланс кој од трошоците кои се евидентирани се даночно неоправдани.

**Одговори:** Сите трошоци се обелоденети во Даночен биланс се даночно непризнаени, и согласно законска реглатива се основ за оданочување согласно Закон за данок на добивка.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување зошто нема одлуки за службените патувања, зошто се користат службени возила за приватни потреби и кој ги плаќа трошоците за гориво.
**Одговор:** За секое службено патување во Друштвото има одлука од Управен, односно Надзорен Одбор, при што се запазени сите законски и интерни процедури на Друштвото. Согласно одлука донесена на 30.05.2016 со број 0202-2486-5, која стапува во сила на 01.06.2016, службените возилата се оставаат во Друштвото кога вработениот е на одмор или подолго боледување, платено или неплатено отсуство. Секое користење на службено возило за приватни цели, како и направените трошоци за истото се на терет на вработениот.
Согласно политиката на ДС СМИТХ право на службени возила имаат менаџерски позиции како бенефит и позиции коде се јавува бизнис потреба за користење на службено возило.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување за начинот на склучување на договорот со ДС СМИТХ Белишче под договорените цени и услови.
**Одговор:** Соработката со ДС СМИТХ Белишче под договорените цени и услови се должи на вредносното зголемувањето на набавките, кое првенствено произлегува од зголемената цена на хартијата на светскиот пазар како и заради зголемено производство на Друштвото изминатата година.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување по кој основ се вршат исплати без основ за тоа да постои во колективен договор.
**Одговор:** Сите дополнителни исплати кон вработени на Друштвото се исклучиво согласно колективен договор и се почитуваат сите законски одредби за законско ослободување и исплата на придонеси и персонален данок онаму каде што е потребно.
Друштвото врши исплати за јубилеј и за смрт на родител на вработено лице - кои се согласно закон, останати исплати се направени во исклучителни ситуации каде треба да се помогнат вработените. Исплати за свадба или пак за новородено дете се исплатуваат како подарок за вработените кој се во насоки со трендовите на работење и начинот на функционирање кој го подржува ДС СМИТХ Групацијата.
При сите направени исплати од страна на Друштвото се води сметка за законските правила и процедури во однос на исплатите.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара информации колку вработени има во одделот Сервис Хартија.
**Одговор:** Во профитниот центар на Друштвото Сервис Хартија во моментот има 21 вработено лице.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара информации колку тони хартија месечно собира Друштвото.
**Одговор:** Друштвото извршил прием на стара хартија за 2017 година во вкупен износ од 20.356.511 кг, при што просечниот месечен износ на прием на стара хартија за 2017 година изнесува 1.696.376 кг.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување зошто осма класа хартија се испорачува на УМКА и како се формира цената.
**Одговор:** Друштвото не врши продажба на осма класа хартија на УМКА. Осма класа хартија се продава на Фабрика Хартија Белград поради подобри договорени цени.
Класите на хартијата се продаваат согласно барањата на купувачите, и продажната цена е согласно договорените услови со купувачите, било да се работи за купувач во рамките на Групација (во случајот ДС Смитх Тракиа) или купувач на домашен или странски пазар.
Цените на продажба се формираат според PIX со Република Бугарија.

**Прашање:** Колку вкупно хартија има на влез во 2017 година?
**Одговор:** 20.356.511 килограми

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара информации за бројот на рекламации на стара хартија кои можат да се поврзат со рекламации на влез.
**Одговор:** Износот на рекламации на стара хартија на влез за 2017 година изнесува 1.094.132 кг. Износот на рекламации на стара хартија на излез за 2017 година изнесува вкупно 1.337.463 кг, од каде износот на рекламации на стара хартија на излез за Бугарија изнесува 1.326.483 кг додека износот на рекламации на стара хартија на излез за Србија изнесува 10.980 кг.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување за загубите од соработката со ДС СМИТХ Белишче и зошто се плаќа таа цена за хартија која е различна од пазарната цена.
**Одговор:** Соработката со ДС СМИТХ Белишче под договорените цени и услови се должи на вредносното зголемувањето на набавките, кое првенствено произлегува од зголемената цена на хартијата на светскиот пазар како и заради зголемено производство на Друштвото изминатата година.

Набавка на хартија се врши и од други субјекти кои не се дел од групацијата на ДС СМИТХ.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување како се врши набавка на суровини и зошто суровини се набавуваат исклучиво од ДС СМИТХ Групацијата.
**Одговор:** Набавката на основните суровини на Друштвото се врши преку сектор за централна набавка на ниво на ДС СМИТХ Групацијата, која врз основа на Групни договори заради количини и обем на набавка, обезбедува најдобри цени, согласно моменталната пазарна ситуација. Исто така се бираат членките на ДС СМИТХ Групацијата кои се во регионот и се најблиски па трошоците за превоз се најниски. Набавка се врши и од други правни субјекти кои не се дел од ДС СМИТХ Групација.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување за продажбата на машината КИС МЕЈКЕР без обезбедена проценка на вредноста на машината од причина што е направена загуба.
**Одговор:** Цената на машината е формирана по обезбедување на понуди од три меѓународни дилери на ваков тип машини. Цената е реална за продажбата и е утврдена по пазарни услови.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување зошто Друштвото е задолжено со 50% од својата книговодствена вредност и колку од обврските на Друштвото се побарувања од добавувачи а колку се обврски по основ на кредит.
**Одговор:** Во однос на претходната година, нема измени во однос на задолжувањето на Друштвото, односно нема нови задолжувања по основ на кредити (истите изнесуваат 234 мил. денари). Побарувањата од купувачи на крајот на годината бележат зголемување, заради зголемена сезонска продажба во периодот од Октомври – Декември , за кои побарувања доспеваат за плаќање на почетокот на 2018 година.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување зошто долгот на Друштвото не е намален изминатата година.
**Одговор:** Во однос на кредитите земени од страна на ДС СМИТХ Групацијата, Друштвото доби пролонгирање на доспевањето на истите. Со оглед на зголемувањето на обврските по основ на набавка на основната суровина, како резултат на пазарното движење во текот на 2017 година, приоритет за покривање беа овие обврски, бидејки заостанувањето со истите повлекува неможност за нови набавки на суровини и неостварување на производство.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување зошто Друштвото не известува за зделки со заинтересирани страни.
**Одговор:** На крајот на секоја година се прави обелоденување на зделките со поврзани страни, како дел од Годишниот Извештај и задолжително како дел од Годишната Сметка на Друштвото.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара информации колку изнесува периодот на наплата на побарувањата на Друштвото.
**Одговор:** Периодот на наплата на побарувањата на Друштвото е помеѓу 130 и 140 дена.
**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување зошто се толерираат купувачите да плаќаат во таков валутен рок и зошто не се прекине соработката со тие купувачи.

**Одговор:** Соработката со купувачите кои не плаќаат е намалена до моментот на наплата на доспеаните побарувања.Со поедини купувачи соработката е прекината , наплатата на нивните побарувања се врши по судски пат. Кога станува збор за купувачи со подолг рок на наплата ,тоа се големи компании со големи месечни нарачки , што како волумен претставуваат значаен дел од нашата месчна реализација.

Во втората половина на 2017 година , соработката со овие купувачи е зголемена (кај поедини учество поголемо и од 90%) што претставува директно зголемување на побарувањата залкучно со 31.12.2017.

Зголемувањето на деновите на наплата е предизвикано и со склучени договори за испорака на производи од сезонски карактер во период Октомври – Декември кои реално доаќаат за наплата во почеток на следната година .

**Под точка 7 од II. Работен дел од Дневен ред – Усвојување на Извештај за економско – финансиската ревизија за работењето на Друштвото изработен од Ревизорската куќа (ДИЛОИТ ДОО од Скопје) за период од 01.01.2017 – 31.12.2017 година**

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување дали ревизорската куќа го следи работењето на Друштвото преку целата година или работи само еднаш во годината.
**Одговор:** Ревизорската куќа ДИЛОИТ ДОО Скопје ја врши економско – финансиската ревизија на работењето на Друштвото при што претставници од именуваната ревизорска куќа доаѓаат во просториите на Друштвото во повеќе наврати преку целата деловна година, а не само еднаш во годината.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара информации за сметководствените извештаи од работењето на Друштвото кои истото има обврска да ги изготвува согласно сметководствените политики.

**Одговор:** Сметководствените политики се обелоденети и објавени во Финансиските извештаи на Друштвото за 2017 година. Финансиските извештаи на Друштвото вклучуваат Биланс на состојба и Биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки.Финансиските извештаи да ДС МИТХ се составени во согласност со националното законоавство како и во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара образложување за начинот и постапката на избор за ревизорска куќа за вршење на економско – финансиската ревизија за работењето на Друштвото.
**Одговор:** Прелимираниот избор на ревизорска куќа одговорна за спроведување на ревизија на работењето на Друштвото е направен од страна на ДС СМИТХ Групацијата, со избор на најсоодветна понуда, услови и унифициран пристап во сите земји кои се дел од Групацијата. Истото е битно од аспект на консолидираните Финансиски извештаи кои ги подготвува фирмата мајка ДС СМИТХ ПЛЦ. Поради таа причина ДС СМИТХ Пекиџинг Гмбх Австрија како најголем акционер на Друштвото даде предлог фирмата ДИЛОИТ ДОО Скопје да ја врши ревизијата за следната деловна година, кој предлог е одобрен во форма на Одлука донесена од страна на Годишното собрание на акционери на Друштвото.

**Изработено на ден 11.09.2018 година од**

**Олгица Кржева, Прв Генерален Директор**

---------------------------------

Друштво за производство
на хартија и амбалажа
ДС СМИТХ
-АД- Скопје

**Дарко Калчев, Директор на производство**

----------------------------------

**Марија Анѓелковска, Директор на Финансии и контролинг**

________________________________

**Виолета Вукелиќ, Директор на човечки ресурси**

________________________________

**Милован Арсовски, Раководител на Сервис хартија**

________________________________

**Тихомир Бејатовиќ, Директор на продажба**

________________________________

**Даниела Димитриевска, Раководител на Supply Chain**

________________________________